***ЕКСПОЗЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАНУ, АКАДЕМИК ЖИВКО М. ПОПОВ***

# МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ ВО 2024 ГОДИНА И ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ШТО СЛЕДУВА, А ПРЕД СЀ ВО 2025 ГОДИНА

Почитувани академици, уважени гости,

Длабоко нѐ погоди веста за трагичниот настан во градот Кочани, во кој животот го загубија голем број млади луѓе. Во име на членовите на МАНУ, како и во свое име, на семејствата на починатите им изразувам најдлабоко и најискрено сочувство. На овој начин сакаме да изразиме длабоко жалење за починатите, а на повредените да им посакаме целосно оздравување. Во овие моменти на длабока тага, сепак, има и нешто светло, а тоа е навремената и компетентна реакција на здравствениот систем и државните институции, пред сѐ МВР и Јавното обвинителство, кои покажаа дека во тешки, кризни моменти имаат капацитет да реагираат соодветно. Тоа дава надеж дека оваа држава доколку продолжи да се менува на ваков начин, нејзините граѓани ги очекува многу посветла иднина.

Како и секогаш така и сега, во Извештајот за работата на Македонската академија на науките и уметностите во 2024 година што треба да биде усвоен на денешното Редовно годишно собрание е даден сеопфатен и детален преглед на целокупната дејност на МАНУ во 2024 година, реализирана во текот на првата година од мандатот на новиот состав на Претседателството на МАНУ.

Инаку, овој извештај, процедурално, ќе биде објавен во посебното издание „Летопис на Македонската академија на науките и уметностите“ за 2024 година, кое преку дистрибуцијата до соодветните институции и преку Книжарницата на МАНУ ќе биде достапно до научната, стручната и пошироката јавност во нашата земја.

Затоа, во денешното експозе посебно ќе се осврнам на сумарниот приказ на основната дејност на Академијата – научното и уметничкото творештво и на нејзина квалитативна оценка и вреднување.

Почитувани,

Работењето на Македонската академија на науките и уметностите, уште од почетокот на мандатот на актуелното раководство, почнувајќи од јануари па сѐ до ноември 2024 година, се одвиваше во еден тежок и комплексен период, анализирано од институционален и од општествен аспект.

Најнапред, Претседателството беше соочено со предизвикот да го решава наследениот повеќедецениски горлив проблем во врска со ниските и неусогласени плати на вработените во МАНУ со системски регулираното решение во институциите од областа на науката, образованието и културата, што кулминираше по донесувањето на дополнувањата на Законот за високото образование и на Законот за научноистражувачка дејност, при што предложените измени и дополнувања на Законот за МАНУ не беа донесени, иако тие беа сосема

компатибилни и се однесуваа на институции од истата сфера. Па така, насобраното незадоволство кај вработените резултираше со реактивирање на штрајкот на Синдикалната организација при МАНУ, на 2 септември 2024 година, во времетраење од неколку месеци до негово запирање, што значително го отежна институционалното работење на Академијата.

За ваквата тешка состојба во Академијата како национална институција од особено значење, беа информирани надлежните институции и по добиената согласност од нив, а со максимална рационализација на своите институционални потреби во текот на 2024 година, Академијата, со прифатлива солуција од расположливите правни механизми, успеа да ги нивелира платите на вработените во МАНУ со платите на вработените во сите високообразовни и научни установи, иако тековно како привремено решение, но перспективно до донесување на системско законско решение.

Покрај помошта во надминувањето на споменатите проблеми, уште во почетокот на мандатот на оваа Влада, преку воспоставените владини политики, најнапред со усвоениот Ребаланс на Буџетот, со кој ѝ се обезбедуваат дополнителни средства на МАНУ, беше изразена силна поддршка за унапредување на основната дејност на МАНУ, т. е. на научноистражувачката дејност, суштествена и својствена за оваа највисока научноистражувачка и уметничка установа во Републиката. Потоа, со доставувањето на актуелниот предлог на Буџетот на Република Македонија до Собранието на државата (унапреден сумарно за 25,46 % во однос на иницијалниот буџет на МАНУ за 2024 година), се заокружи поддршката на Владата, и за тоа сме му благодарни на премиерот проф. Христијан Мицковски и на институциите на Владата, пред сè на Министерството за финансии, кои најдоа решенија за институционалните проблеми на Академијата.

Извештајот за работата на МАНУ во 2024 година е посебно сосредоточен на опстојно прикажување на основната дејност на Академијата – научноистражувачкото и уметничкото творештво, па така таа во извештајниот период оствари извонредно богата и содржајна научноистражувачка и уметничка дејност, и покрај рестриктивните решенија кои органите на МАНУ беа принудени да ги донесат поради континуираниот пад на финансиските средства определени за таа намена.

Во 2024 година, во МАНУ се работеше на 62 научноистржувачки и уметнички проекти. Притоа, 45 проекти се изготвуваат во рамките на нашите шест одделенија, а 17 во рамките на нашите осум истражувачки центри. Во рамките на билатералните проектни соработки, со Црногорската академија на науките и уметностите се реализираше еден проект, а во рамките на меѓународната проектна соработка со Српската академија на науките и уметностите се реализираа 7 проекти. Во рамките на меѓународната соработка, се работеше и врз 13 меѓународни проекти финансирани од разни странски извори, како што се фондовите на ЕУ, Националниот институт за здравје на САД, Германската фондација за истражување, Кинеската академија на науките, Универзитетот од Шангај и други извори на средства.

Научното и уметничкото творештво на членовите на МАНУ, дома и во странство, продолжува со несмален интензитет. Членовите на Македонската

академија на науките и уметностите објавиле и приредиле 38 монографии, од кои 30 на македонски јазик и 8 на други јазици. Во научни и стручни списанија, зборници на трудови или онлајн на интернет, членовите на МАНУ објавиле вкупно 193 трудови, од кои 105 во странски списанија или зборници. Во списанија со фактор на влијание се објавени 73 трудови. Членовите на МАНУ во 2024 година учествувале на 101 научен и стручен собир (од кои 42 во странство) и одржале 17 предавања или презентации.

Во сферата на научноистражувачката и уметничката дејност, членовите на МАНУ учествувале во 27 научноистражувачки, литературно-книжевни или уметнички проекти во други институции (од кои 25 во странски институции), објавиле 32 раскази, песни или одломки од прозни текстови и стихови, одржале 2 самостојни изложби, а со свои дела учествувале на 8 групни изложби и воделе или учествувале на 31 семинар, работилница, дебата и литературна манифестација. Членовите на МАНУ во 2024 година создале 32 слики (во акварел и маслена техника) и 80 идејни скици. Членови на МАНУ се главни уредници, заменици на уредници или членови на уредувачки одбори на 38 домашни и на 56 странски зборници и списанија (печатени или електронски) од областа на науката, културата и уметноста. Членовите на МАНУ имале 2 студиски престоја во странски научноистражувачки институции.

За својата плодна и успешна научноистражувачка и творечка уметничка дејност, членовите на МАНУ во 2024 година добиле 5 странски и 5 домашни награди и признанија. Заклучно со 2024 година, 9 членови на МАНУ биле членови и на Европската академија на науките и уметностите.

Посебно би ги издвоил нашите доајени – акад. Зузана Тополињска, на која во 2024 година ѝ беше доделен Медал за заслуги за Република Македонија што го доделува претседателот на државата, а од страна на претседателот на Република Полска, г. Анджеј Дуда, беше одликувана со Орден за заслуги на Република Полска, и акад. Влада Урошевиќ кој беше одликуван со Орден Сретење – прв степен за особени заслуги за Република Србија во областа на културата. По предлог на Одделението за лингвистика и литературна наука, во 2024 година добитник на меѓународното признание „Блаже Конески“ беше познатиот славист д-р Мотоки Номачи од Јапонија, кој остварува значајни постигнувања во македонистиката, а во моментов работи на критичко издание на една од првите граматики на македонскиот јазик од Семјуел Борисович Бернштејн, која над 50 години се сметаше за исчезната.

Во 2024 година, во МАНУ се организираа и се одржаа петнаесетина настани во различни области на науките и уметностите: 2 научни конференции (од кои 1 е меѓународна: имено, од 14-16 јуни 2024 година во МАНУ се одржа 24. конгрес на Балканската медицинска унија, формирана во 1932 година од Националната академија на медицински науки на Франција со учество на бројни гости од регионот), 2 свечени собира (на Денот на МАНУ и на 10-годишнината од основањето на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“

во МАНУ, 3 промоции на книги: „Книга за Петре (Сите лица на расказот)“ по повод 90-годишнината од раѓањето на Петре М. Андреевски, Терминолошкиот речник по хемија во рамките на макропроектот „Македонска научна и стручна терминологија“ и Зборникот за Македонското научно и литературно другарство во Петроград (1902 – 1917). Посебно би ја издвоил изложбата во чест на 120 години од раѓањето на акад. Вангел Коџоман, организирана во соработка со Националната галерија Даут-пашин амам, на чие отворање свое обраќање имаше претседателот на МАНУ, како и повеќе  настани организирани како научен собир, работилница, расправа и обука, како што се, на пример, „Посебноста на македонскиот јазик и политичкиот говор на омраза“, во организација на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоевски“ (ИЦАЛ), „Макроекономијата на Големата рецесија 2007/2009 година“ и Националната развојна стратегија на Р Македонија 2024 – 2044 година, „Владеење на правото“, во организација на Центарот за стратегиски истражувања, како и 2 изложби: „Три генерации Ташковски“ и „Барокна работилница“ на акад. Влада Урошевиќ и Марко Трпески. Покрај тоа, Академијата во 2024 година организираше и десетина предавања со различна тематика.

Во текот на 2024 година се реализираа и 7 значајни настани во рамките на Научната и уметничка визита во Куќата „Уранија“ во Охрид: Охридската школа на природното право, Лингвистичка работилница, Терминолошка работилница, во организација на Лексикографскиот центар на МАНУ, 2 изложби („Три генерации Ташковски“ и изложба на академскиот вајар Жарко Башевски), понатаму Прва македонско-кинеска поетско-преведувачка работилница „Поезијата во превод меѓу цивилизациите“, во организација на МАНУ, а на 9 август, во име на меѓународното жири, претседателот на Охридската академија на хуманизмот, амбасадорот Јордан Плевнеш, на принцот на Црна Гора, Никола Петровиќ Његош, му ја додели Светската награда на хуманизмот за 2024 година, при што пригодни обраќања имаа претседателката на државата и претседателот на МАНУ.

Академијата, исто така, реализираше и богата издавачка дејност и покрај максимално лимитираните буџетски средства за оваа намена и донесените рестриктивни решенија во согласност со нив. Па така, во 2024 година, МАНУ објави 27 изданија – 14 периодични и 13 посебни изданија, а подготви и плакати за Научната и уметничка визита 2024 во Научниот и уметнички центар „Уранија“ во Охрид, каталози за ликовни изложби, како и постери и банери за одреден број конференции. Во оваа пригода, сакам да истакнам дека периодичното издание Прилози на Одделението за медицински науки е индексирано во електронската база Index Medicus and Medline  на Националната библиотека за медицина на САД, додека, пак, периодичното списание Balkan Journal of Medical Genetics на Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија „Георги Д. Ефремов“ е индексирано во Pub Med, EMBASE, Elsevier Biobase, Scopus, Elsevier Geo Abstracts, Chemical Abstracts and De Gruiter Open и има свој фактор на влијание. Периодичното списание Прилози на Одделението за природно-математички и биотехнички науки е индексирано во Chemical Abstracts, Mathematical Reviews, Google Scholar, EBSCO и во DOAJ. Во рамките на посебните изданија на МАНУ, публикувани се значајни и вредни дела на академиците од областа на

лингвистиката, книжевноста, историјата, правото, економијата, медицината, историјата на уметноста, археологијата, технологијата, екологијата и од други области. Вкупниот обем на објавени страници изнесува околу 6.147 страници. Меѓу најзначајните достигнувања на ИЦАЛ во 2024 година е и објавувањето на првиот том од Македонскиот дијалектен атлас (од ризницата на картотеката – лексички материјали), во соиздаваштво со Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" – Скопје, како и тритомното издание за Кочо Рацин, дела исклучително важни за посебноста на македонскиот јазик и идентитет, чија промоција е предвидена во скоро време и за што ќе бидете дополнително информирани.

Во текот на 2024 година се одвиваа и активности и настани поврзани со меѓународната и научната соработка со академиите со кои МАНУ има склучено договори за соработка, со асоцијациите на академии во кои членува МАНУ, како и со други организации и институции, меѓу кои: на 3 јуни 2024 година, делегација на Црногорската академија на науките и уметностите, предводена од академик Драган Вукчевиќ, претседател на ЦАНУ, по покана на претседателот на МАНУ, имаше официјална посета на МАНУ; од 4 до 6 јули 2024 година, делегација на МАНУ, предводена од претседателот академик Живко Попов, по покана на претседателот на Српската академија на науките и уметностите, академик Зоран Кнежевиќ, имаше официјална посета на САНУ; учеството на претседателот на МАНУ со свои обраќања на Првиот состанок на претседателите на академиите на науки на земјите членки на Црноморската економска кооперација со учество на ректорите на водечките турски универзитети, во Истанбул, на 14 и 15 февруари 2024 година, како и на Вториот регионален состанок на академиите на Југоисточна Европа по покана на претседателот на Турската академија на науките, академик Музафер Шеќер, во Истанбул, на 20 април 2024 година; додека, пак, во рамките на соработката на МАНУ со Српската академија на науките и уметностите, со Црногорската академија на науките и уметностите и со Унгарската академија на науките, се одвиваше конкретна проектна соработка. Во скоро време, делегација на МАНУ, предводена од претседателот Попов, ќе ја посети Албанската академија на науките и уметностите по покана на нејзиниот претседател Скендер Ѓонуши.

Почитувани академици, уважени гости,

Мојата **резимирана оценка** за суштинските карактеристики на основната дејност на МАНУ, во текот **на 2024** година, е следнава:

– Прво, и покрај рестриктивните решенија, кои органите на МАНУ беа принудени да ги донесат поради континуираниот пад на средствата предодредени за основната дејност на МАНУ, особено во текот на извештајната година, Академијата успешно и навремено ги реализираше активностите и настаните предвидени со Програмата за работа на МАНУ во 2024 година, која и во оваа година се одликуваше со својата комплексност и со својата разноликост според содржините од сите области на нашата научноистражувачка и уметничка дејност.

– Второ, содржините на Програмата за работа на МАНУ во 2024 година, посебно оние најнепосредно поврзани со нашата основна дејност, суштински гледано, упатуваат на посветеноста на МАНУ на два основни и заемно условени и

меѓузависни приоритети од клучно значење за идниот развој на земјата: прво, фокусирање врз реформските приоритети во различните области на науките и уметностите, содржани во нашиот документ насловен како „Приоритети на идниот развој на Република Македонија“, преку преземањето низа активности во рамките на основната дејност на МАНУ; и второ, потрага по одговори за новите предизвици на времето во кое живееме и работиме, преку активното учество на членови и научни соработници на МАНУ во изработката на Националната стратегија за развој на Македонија во следните 20 години, а врз основа на веќе извршена анализа на состојбите во земјата. Нацрт-извештајот за работата на МАНУ во 2024 година е фактографски документ за усогласеноста на работењето на МАНУ со претходно утврдените програмски активности.

Со **Предлог-програмата за 2025 година**, Академијата почнува со реализација на своите програмски активности во втората година на новиот состав на Претседателството на МАНУ, па така, во оваа година, начелно, предложена е обемна и богата работна програма. Во научната програма за 2025 година се вклучени вкупно 75 научноистражувачки и уметнички проекти од разни области. Од проектите, 45 ќе се реализираат во рамките на одделенијата на МАНУ и 30 во рамките на истражувачките центри на Академијата. Од вкупниот број научноистражувачки и уметнички проекти, 17 научноистражувачки проекти целосно се финансираат од меѓународни извори, поголемиот дел од проектите ќе се финансираат од наменските буџетски средства на МАНУ, додека во рамките на билатералната соработка со Српската академија на науките и уметностите ќе се реализираат 6 заеднички научноистражувачки проекти, како и по 1 проект со Црногорската академија на науките и уметностите и со Унгарската академија на науките, по што ќе се објавуваат и ќе се промовираат резултатите од истражувањата.

Одделенијата и истражувачките центри на МАНУ, во своите програмски активности, предвидуваат реализација на околу 36 научни собири (домашни и меѓународни научни конференции, тркалезни маси, работилници, јавни дебати и сл.), свечени собири, промоции и изложби. Од нив повеќе од третина би биле реализирани во рамките на планираните активности на Одделението за општествени науки и на Центарот за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, каде што доминираат теми поврзани со високото образование и научноистражувачката дејност, историјата, правосудниот систем, економијата и евроинтеграцискиот процес на земјата. Исто така, поголем дел од овие активности би биле реализирани во рамките на предвидената програма на Одделението за лингвистика и литературна наука и на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоевски“.

Програмата за работа на МАНУ во 2025 година предвидува и обемна издавачка дејност – 27 периодични изданија и 40 посебни изданија. Во текот на 2025 година, МАНУ планира да организира и промоции на своите публикации заради запознавање на пошироката научна и стручна јавност, како и на владините функционери со резултатите од нејзиното научно и уметничко творештво. На тој

начин, МАНУ ќе учествува во креирањето на политиките во областа на науките и уметностите и во вкупниот развој на земјата. Програмата на Македонската академија на науките и уметностите за 2025 година е отворена и флексибилна, и таа ќе се изменува и ќе се дополнува со предлози што ќе ги прифати Претседателството на МАНУ, а ќе се реализира во рамките на одобрените буџетски средства од сите извори на финансирање утврдени во Буџетот на Академијата.

Покрај обврската за заокружување на богатата програмска активност на МАНУ и за наменска и навремена реализација на буџетските средства до крајот на фискалната година, на Академијата ѝ претстои и обврската во 2025 година, како изборна година, да ја реализира постапката за избор на нови членови во нејзините одделенија. МАНУ секогаш била отворена за сите граѓани кои ги исполнуваат високите научни и уметнички критериуми за членство во неа, без оглед на нивната етничка, верска и каква било друга припадност, зашто таа се води единствено по принципите на мериторност и препознатливост, како универзални вредности на дострелите и творбите во научната и уметничката сфера. Од нејзиното основање до денес, членови во Академијата биле припадници на македонскиот народ, но, исто така, и на другите етнички заедници. Во неа кандидатите за членство и академиците никогаш не се прашувале да се изјаснат за нивната етничка припадност и имало дури периоди кога академиците Македонци не биле мнозинство во институцијата. Како и досега, така и во овој изборен циклус МАНУ ќе се залага да го зајакне својот мултиетнички карактер и присуството на заедниците во нејзините редови.

Законот за МАНУ, Статутот на МАНУ и, пред сè, интерните акти на МАНУ, како што се Правилникот за критериумите за избор на членови во МАНУ и Правилникот за постапката за избор на членови во Академијата, пропишуваат јасно утврдени квалитативни и квантитативни универзално признати критериуми за оценување на потенцијалните кандидати за членство во МАНУ. Сето ова се одвива во точно утврдена постапка чие времетраење од 10 месеци јасно говори за сериозниот пристап на Академијата кон овој процес. Затоа, ги охрабруваме заинтересираните кандидати од сите етнички заедници и ги повикуваме сите овластени предлагачи навремено да ги истакнат кандидатурите на оние кои според наведените критериуми и вредности го заслужуваат ова високо општествено признание, за што во наредниот период ќе биде објавен конкурс.

Покрај претходно наведените програмски активности, претседателот на Владата најави вклученост на МАНУ во изработка на заеднички сеопфатен проект во сите круцијални области на општественото живеење, од кој ќе произлезат приоритетни документи за развој на државата до 2050 година. На овој начин би се отишло чекор напред во однос на усвоената Национална стратегија во Собранието на Република Македонија преку конкретизација на проблемите и мерките за нивно реформирање, односно имплементацијата и мониторингот на овие процеси, нешто што би било координирано од страна на Академијата. МАНУ со своите 6 одделенија, 8 научноистражувачки центри и со своето искуство, во соработка со Владата и со професорите и научниците од универзитетите и научната заедница, има капацитет да работи на овие теми и прашања.

Во МАНУ, покрај индивидуалните проекти на академиците кои претставуваат нивна идентификациска карта во научната област во која дејствуваат, интензивно се размислува и се прават подготовки за приоритетни проекти од егзактните и општествените науки врз кои таа би работела во текот на 2025 година, кои се однесуваат на стратегиски прашања од посебен интерес за Република Македонија и се поврзани со реализацијата на усвоената Национална развојна стратегија и со развојната програма до 2050 година, како и со потребата од зајакнување на советодавната улога на МАНУ. Веруваме дека предложените проекти корисно ќе ѝ послужат на Владата во креирањето на политики во областите кои ќе бидат предмет на анализа. Притоа, посебно внимание ќе обрнеме на најзначајните приоритетни прашања, од посебно значење за долгорочниот развој на земјата. Меѓу нив, посебно ќе ги истакнам следниве:

## *ТЕХНИЧКИ НАУКИ*

**Национална стратегија за развој на енергетиката до 2050 година,** која вклучува сеопфатна стратегија што ја дефинира долгорочната визија за економскиот, технолошкиот и за еколошкиот развој на земјата, со која ќе се обезбеди енергетска сигурност, како и социјален напредок. Покрај оваа стратегија, која ќе се изработува во текот на 2025 година, истражувачкиот тим предлага изработка и на дополнителни документи во следниот период како: Стратегија за развој и имплементација на нови технологии во енергетиката, со посебен осврт на интеграција на зелениот водород во енергетскиот сектор; Стратегија за трансформација на РЕК Битола во модерен центар за производство на електрична енергија, која вклучува постепена пренамена на РЕК Битола во чист енергетски хаб со фотонапонски централи, производство на водород и биомаса, како и програми за преквалификација на работната сила и за еколошкото влијание; анализа на потребата од изградба на нови домашни капацитети и привлекување на странски инвестиции во енергетиката. Во согласност со приоритетите на Владата, може да се дефинираат и приоритетите во подготовката на предложените стратегиски документи во 2025 година.

**Проект за вештачка интелигенција: ВИ – Нова ера за Македонија.** Проектот ќе претставува стратегиска иницијатива која има цел да ја позиционира Македонија како лидер во областа на вештачката интелигенција (ВИ) на Балканот и пошироко. Примената и адаптирањето на ВИ директно придонесува кон зголемување на ефикасноста во различни сектори, создавање на иновативни деловни можности, како и генерирање на нови високоплатени работни места. Податоците сугерираат дека ВИ се очекува да биде клучен мотор за економскиот развој во следниот период. За да може да се поддржи развојот на ВИ во Македонија, во рамките на Проектот, во 2025 година ќе бидат преземени активности за иницијација и за поттикнување на развојот на оваа нова научна дисциплина, кои вклучуваат: законски рамки за користење и за пристап до податоци за обработка и за анализа, преку ВИ, во согласност со меѓународните стандарди во ЕУ и во САД; креирање на образовни програми и обуки кои ќе подготват кадри со релевантни вештини во областа на ВИ; поттикнување на јавно-приватни партнерства за развој

на ВИ-проекти и инфраструктури, со фокус на поддршката на домашниот приватен сектор и план за значителни државни инвестиции во ВИ, следејќи ги примерите на поразвиените земји; спроведување на политики за развој на програми за преквалификација и за обука на работната сила со нови можности во технолошките сектори каде што ВИ може да ги замени рутинските задачи; креирање на стимулативни мерки кои, преку даночни олеснувања и финансиски стимулации, ќе ја поттикнат примената на ВИ во компаниите и во организациите во Македонија; стимулирање на примената на ВИ во државната и јавна администрација со цел да се зголеми на ефикасноста на услугите кон граѓаните. Во согласност со приоритетите на Владата може да се дефинираат и приоритетите во подготовката на некој од предложените стратегиски документи во 2025 година. Потребата од евентуално инфраструктурно приспособување на расположливиот простор и набавката на опрема би се дефинирале во текот на прецизирањето на деталите на соработката со Владата.

### ***БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ***

**Проект за мапирање и реонизација на почвите во Македонија,** кој вклучува осовременување и надградба на сегашната Педолошка карта на Македонија, изработена во МАНУ во минатите години. Реонизацијата на земјоделското производство претставува значаен инструмент на земјоделската политика со кој се планира, се насочува и се организира земјоделското производство, со цел да се обезбеди најоптимално искористување на природните и на социоекономските фактори за производство и за остварување на што повисоки производно-економски резултати. Тргнувајќи од наведеното, реонизацијата претставува поделба на територијата на државата на економско-просторни делови (целини), хомогени во однос на агроеколошките фактори и социоекономските услови. Ваквата поделба овозможува искористување на компаративните предности во производството на растителните култури и во одгледувањето на одделни видови добиток. Изработката на реонизацијата ќе даде придонес во запирањето на негативните тенденции во земјоделското производство и во правилното насочување и имплементирањето на мерките и на инструментите на македонската земјоделска политика и во најефикасното искористување на ограничениот буџет.

### ***ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ***

**Проект за процена на ефикасноста на јавната потрошувачка во Македонија,** кој вклучува примена на квантитативни (статистичко-математички) модели и фискални мултипликатори за процена на ефикасноста на буџетската потрошувачка врз реалниот бруто-домашен производ, со посебен фокус на периодот 2015 – 2024 година. Во рамките на овој проект, до крајот на 2025 година, ќе биде изготвена анализа за ефикасноста на јавната (буџетската) потрошувачка, преку пресметка на фискалните мултипликатори на вкупната јавна потрошувачка на земјата, на капиталните расходи и на субвенциите во земјоделството. Проектот, исто така, вклучува и изготвување на првични согледувања за одржливоста на јавниот долг и за фискалната консолидација. Добиените резултати ќе бидат

проследени со квалитативна анализа која ќе ги открие причините за ефикасноста/неефикасноста на одделните видови буџетска потрошувачка и со препораки до креаторите на политиките за одржливоста на јавниот долг на земјата и за основните принципи и политики за фискална консолидација. Проектот ќе овозможи, до крајот на 2025 година, да се формулираат конкретни препораки и сугестии до Владата за зголемување на ефикасноста на јавната потрошувачка и за забрзување на растот на економијата.

**Проект за развој на правосудниот систем (владеењето на правото)** како клучен предизвик во процесот на евроинтеграциите. Овој проект ќе се одвива во повеќе фази кои вклучуваат: заокружување на правната рамка во казнено-правната, граѓанско-правната и управно-правната област, препораки за мерки за зајакнување на владеењето на правото преку унапредување на независноста на судството и јавното обвинителство (2025 г.), евалуација на состојбата и препораки за реформа на уставниот суд и реформа на управното судство (2026 г.) и препораки за подигање на капацитетите, ефикасноста и ефективноста на правосудните органи со зајакнување на сите институции во правосудниот сектор (2027 г.).

**Проект за високо образование и научноистражувачка дејност: критички согледби, компаративна анализа и препораки за развој.** Проектот почива на премисата дека подигањето на квалитетот на високото образование и на научноистражувачката дејност мора да се сфати како *conditio sine qua non* (услов без кој не се може) за хуман и одржлив развој на македонското општество и за негова интеграција во Европската Унија. Истражувачките активности, спроведени од страна на висококомпетентни протагонисти во досегашниот развој на овие општествени дејности, преку детална и компаративна анализа, треба да проникнат во многуслојните сложени причини кои довеле до неповолна состојба во која се наоѓаат високото образование и научноистражувачката работа кај нас, и да предложат идеи за стратегиски реформи и подобрувања. Проектната работа треба да резултира со изготвување на концизни и содржајни документи, во период не подолг од една година, кои ќе им помогнат на креаторите на политиките да преземат неодложни мерки за постигнување на овие стратегиски приоритети. Проектните активности и резултати треба да бидат во синергија со тековните реформски активности на Министерството за образование и наука на Република Македонија и да се разберат како квалитативно нова, додадена вредност кон работата на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност.

## ***МЕДИЦИНСКИ НАУКИ***

**Проект за изработка на План за борба против малигните заболувања (2025 – 2035),** кој вклучува: Програма за примарна и секундарна превенција, пристап во дијагностиката, лекувањето (радиолошки, хируршки и современ медикаментозен третман), палијативната нега, едукацијата и истражувањето, и воспоставување на Национална онколошка мрежа со контрола на квалитетот, надзорот и известувањето.

**Проект за унапредување на примената на најсовремени нови технологии во персонализираната медицина во онкологијата,** кој вклучува усовршување на методологијата на сеопфатно геномско профилирање на туморите. Целта на овој проект би бил унапредување на сегашните вештини и знаења за молекуларната карактеризација на онколошките болести за рационална терапија базирана на индивидуалните генетски карактеристики на секој пациент која овозможува и процена на одговорот на терапијата. Проектот би имал научна и апликативна компонента и би се изведувал иницијално на примероци на ткива од банката за урогенитален карцином во МАНУ. Добиените сознанија ќе служат како основа за примена во рутинската клиничка практика и за анализа на други карциноми, преку обука на сите стручни лица вклучени во молекуларната дијагностика.

**Проект за воведување на методологија за предимплантациска дијагностика на ретки болести,** која вклучува подготовка на просторот и набавка на опрема во ИЦГИБ – МАНУ, како и стекнување на искуства за воведување на оваа метода, со што ќе се овозможи генетска дијагноза на ретки и на стекнати болести при процедурата на *in vitro* фертилизација кај фамилии со ризик за одредена генетска болест. Овој проект се иницира и на барање на Фондот за здравствено осигурување така што со неговата реализација ќе се овозможи локална предимплантациска дијагноза наместо досегашната практика таа да се врши во странски лаборатории, за што се трошат многу средства.

## *1) ОБНОВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МАНУ*

Со цел успешно да се реализираат наведените проекти, потребно е истовремено да се унапредат постојните капацитети во МАНУ што вклучува:

**Зголемување на капиталните инвестиции,** пред сè, за комплетна реконструкција (обнова) на објектот на МАНУ. Овој прекрасен објект, под заштита на спомениците на културата, е изграден во далечната 1976 година, во согласност со проектот на професорот Борис Чипан од Архитектонскиот факултет во Скопје. Македонската академија на науките и уметностите, како втемелувач на македонскиот јазик, идентитет и државност, заслужува објект кој ќе блесне како некогаш и ќе биде огледало на идентитетот на македонскиот народ и на другите делови на народите во државата. За оваа цел, во 2025 година, планирана е изработка на детален предмер/проект за градежна реконструкција на надворешноста и на внатрешноста на објектот, електромашинска инсталација и унапредување на специфичните простори за постојните центри.

**Кадровската неекипираност**, што се провлекува во текот на минатите десетина и повеќе години, бара неодложно вработување за пополнување на испразнетите работни места во клучните сектори (најмалку десетмина вработени во административните служби – за што веќе е поднесено барање до Министерството за финансии чија реализација е во тек), како и:

**Вработување** на десетина млади научни соработници – пополнување на испразнетите места и нови вработувања поврзани со работата на предвидените проекти со Владата на РМ. Па, така, мобилизирањето на млади кадри и приемот на

најмалку 10-15 нови најдобри студенти и талентирани млади научници во центрите на МАНУ ќе биде во прилог на една од најважните општествени функции на Академијата, а тоа е создавањето млад научен подмладок како гарант за иднината на науката и на технолошкиот развој на државата.

### *2) ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НОВ ЦЕНТАР НА ИЗВОНРЕДНОСТ ЗА НОВИ ТЕХНОЛОГИИ НА МАНУ*

Брзиот развој на новите научни области како вештачката интелигенција, роботиката, нанотехнологијата, биомолекуларните медицински науки, обновливите и новите извори на енергија, имаат извонредно влијание врз социоекономскиот развој на развиените општества на глобално ниво. Оваа нова научно-технолошка револуција перманентно го зголемува постојниот јаз помеѓу развиените и неразвиените земји, што укажува на потребата за што поскоро приклучување на нашата земја кон овие научноистражувачки текови на развојот на општеството и кон подобрувањето на стандардот на граѓаните. Најголем дел од истражувањата во овие области се изведуваат во високоразвиените земји на ЕУ, САД, во Јапонија, Јужна Кореја и, во поново време, во Кина, но во последно време, и земјите во Регионот веќе имаат оформено локални капацитети и донесена легислатива која го регулира и го поддржува развојот на овие научни области.

Во МАНУ постојат одредени искуства во одредени области од претходнонаведените нови научни подрачја (вештачка интелигенција, обновливи и нови извори на енергија, биомолекуларни медицински науки) стекнати преку научноистражувачки проекти и апликативна дејност во истражувачките центри на Академијата. Имајќи ја предвид извонредната важност на што побрз интензивен развој на трансферот на знаењата од овие области во нашето општество, како и на основната дејност на МАНУ за следење на новините во науката во светски рамки и задачата за трансфер во земјата и на искуствата од развиените и од околните земји, овие врвни научни области се концентрираат во специфични центри/институти на извонредност („Винча“ – Србија, „Руѓер Бошковиќ“ – Хрватска, „Јожеф Стефан“ – Словенија), слободни сме да иницираме формирање на нов центар на извонредност за нови технологии во нашата држава. Овој центар иницијално би бил фокусиран на истражувања од областа на енергетиката, хемијата и материјалите, компјутерските науки/вештачката интелигенција и биомолекуларните науки, во согласност со постојните јадра присутни во центрите на МАНУ. Овој институт би бил инкубатор за истражување во овие нови научни области, центар за обука на кадри и трансфер на знаење и на технологии од академската заедница во индустријата, со цел да се подобри економската ефикасност во државата. Физибилити студијата би вклучила детален план за формирање на ваков институт, инфраструктурните потреби и специфичната опрема, кадар за одделните области, иницијални програми за секоја од дефинираните научни дисциплини, како и процена на трошоците на чинење на изградбата, опремувањето и на тековното функционирање.

За сѐ што е претходно кажано во однос на предвидените проекти, тековното функционирање, капиталните инвестиции, развојот на Академијата и на науката и

др., неопходна ќе биде силна финансиска поддршка од државата. Во моментот, со новиот буџет за 2025 година, состојбата е коригирана во однос на основното функционирање на Академијата, но ние, со аргументирана упорност и со ентузијазам, ќе продолжиме да преговараме со надлежните финансиски институции на државата, со цел да добиеме буџет повисок во сите стапки кој, меѓу другото, ќе овозможи повисоки лични доходи за вработените во Академијата какви што доликуваат на МАНУ, како и соодветни државни награди за академиците, кои моментално се најниски во Регионот. И она што е најважно, нам ни е потребен значајно посилен фонд за научноистражувачка и уметничка дејност, како и за издавачката дејност како интегрален дел од основната дејност на МАНУ.

Академијата како највисока научна и уметничка институција во државата треба да биде лидер во борбата за значително зголемување на стапката што државата ја одвојува за науката и образованието воопшто и посебно за Академијата, како една од пониските во Регионот и пошироко. Стапката моментално изнесува околу 0,3 % или за околу десетина пати е помала од европскиот просек, а знаеме дека во светски рамки се смета дека во една земја има наука која може да опстојува доколку за таа намена се одвојува најмалку 1 % од бруто-домашниот производ. Само на тој начин ќе бидат осигурани финансиската, кадровската и организациската поставеност на институцијата како неопходни константи на нејзината автономија. Нема врвна наука без силна финансиска поддршка и нема напредно општество со маргинализирање на образованието и на научните истражувања.

Покрај досега наведеното **проектно свртување на Академијата кон државата,** не помалку важна е и **меѓународната соработка**: Имено, јакнењето на меѓународната димензија во научноистражувачката и уметничката дејност на МАНУ останува наш значаен приоритет, така што и оваа година ќе се работи на зголемувањето на бројот на апликациите поднесени од МАНУ за добивање меѓународни проекти со финансиска поддршка од европските фондови и од други меѓународни организации и институции, а следствено на тоа и на бројот на добиени и реализирани проекти и средства од странски извори.

Поаѓајќи од фактот дека меѓународната соработка во областа на науките и уметностите има клучно значење за подигање на квалитетот на научното и уметничкото творештво, за афирмација и препознатливост на македонската наука, уметност и култура во светот, за подигање на угледот и на репутацијата на Академијата, но и на Република Македонија во меѓународни размери, посебно внимание ќе се обрне оваа соработка, исто така, закочена за време на пандемијата и, пред сè, заради ниските лични доходи и кадровската неекипираност на административните служби на Академијата во последната деценија, видно да се интензивира. МАНУ има потпишано над 36 договори и разни протоколи со странски академии, научни друштва и асоцијации на академии. Во меѓувреме, еден дел од овие протоколи се обновени, потпишани се нови договори, а има и голем број договори само од формална природа кои треба да добијат нова содржина и конкретизација со иницирање и со реализација на нови научни и уметнички проекти. Неопходно е и засилување на соработката на нашата академија со одредени национални академии од високоразвиените држави (на пример, со Германската национална академија „Леополдина“ и Германското научно друштво „Лајбниц“,

Турската академија на науките) со кои имаме извонредни релации. Наша желба е тоа да го направиме и со академиите на науките и уметностите во Франција, Австрија, Италија, во САД, и др., понатаму, со академиите на науките на земјите членки на Црноморската економска кооперативна група, Асоцијацијата на академиите на Југоисточна Европа, Европската академија, како и со академиите во Регионот и др., каде што ни се потребни повеќе индивидуални контакти и заеднички научни проекти со нив и со партнери од трети земји.

**Советодавната функција на Академијата** има исклучителна важност и тесно е поврзана со нејзиното постоење. На политиката, партиите и на дневнополитичките теми, не им е местото во неа. Но, во однос на важни, круцијални теми и прашања, кои се однесуваат на развојот на целото општество, таа не смее да молчи, особено доколку има знаење, капацитет и можности да советува, да дава стратегиски насоки и да ги антиципира работите. За таа цел, би сакал да се осврнам подетално на неколку круцијални предизвици за македонското општество на кои би требало да се обрне посебно внимание, со оглед на фактот што тие се перманентна тема за критика во сите годишни извештаи на Е, а при јавни релевантни анкети, граѓаните имаат сè помалку доверба во одредени државни институции.

Слободно може да констатираме дека во нашето општество сè уште е присутна **генерална партизација** на институциите, посебно видлива во јавната администрација, во агенциите, во регулаторните тела, кои треба да бидат независни, и слично, што доведува до негирање на критериумите за квалитет и до вработувања по непринципиелна основа. Тоа перманентно ги ослабува квалитетот и капацитетот на дејствување на институциите и државата ја прави нефункционална.

Деценискoто невладеење на правото и **коруптивноста на системот** доведоа до **девастирана држава**, со нефункционални институции. Како резултат на тоа, во последните години, ни се случија неколку масовни несреќи, меѓу кои и последната голема трагедија во Кочани. Потребна е целосна поддршка на енергичните напори и на заложбите на институциите на државата за расчистување со наведените појави. Верувам дека е возможно рестартирање на државниот систем и доколку успееме на институциите да им го вратиме барем нивото кое го имаа при осамостојувањето на земјата, навистина ќе постигнеме огромен успех. Со вака конципирани институции, Република Македонија многу тешко ќе се бори со предизвиците што ја чекаат при отворањето на поглавјата за членство во ЕУ.

Понатаму, партизацијата на општеството доведе до **нефункционален правосуден систем.** Вистина е дека се направени повеќе квалитетни реформи во правосудството со добри решенија, но тие имаат слаба имплементација. Тоа што најмногу ја бранува јавноста е Републичкиот судски совет и Академијата за судии и обвинители. Имено, Судскиот совет, во текот на неговото досегашно дејствување, не се покажа доволно силен, убедлив и компетентен да ги наметне своите одлуки. Се поставува прашањето дали е Советот доволно голем со 15 члена, за да се избегне манипулирање, бидејќи лесно се постигнува мнозинство. Притоа, членовите мора да бидат од редот на најискусните и најеминентните правници во државата (пред сè судии, адвокати, обвинители), па затоа, во други држави, ваквиот совет се нарекува Висок судски совет. Постојат и други модели за избор и за разрешување на судии: претходниот модел, во кој судиите се избираа и се

разрешуваа од функција во Парламентот и којшто беше потранспарентен и подемократски со јавно оценување на кандидатите, потоа моделот за избор на судии на непосредни избори, во комбинација со парламентарни или локални избори, како и моделот со поголемо учество на судските здруженија или нивни комбинации. Во нашата земја треба да се избере модел што најмногу соодветствува со големината на државата, менталитетот на населението и со меѓународната практика.

**Здравствениот систем** постепено се руинираше со партизацијата и со асиметричното учество на приватниот сектор, што како модел е меѓу ретките на Балканскиот Полуостров и пошироко, особено ако се знае дека Македонија е една од посиромашните држави во Регионот. Најголем удар на системот му е зададен со укинувањето на Законот за Медицински факултет (lex specialis од 1947 година) како Универзитетска установа од посебен општествен интерес, со последователно одделување на Клиничкиот центар од Факултетот и од УКИМ. Така, единствената универзитетска академска болница за терциерна здравствена заштита прерасна во 32 јавни здравствени установи, во чиишто клиники раководителите, наместо деканот и факултетската управа, ги назначува ресорниот министер, а тие веќе не мора да бидат професори, туку директори може да бидат и асистенти и други специјалисти, со што настана политизирање на Клиничкиот центар. Тоа доведе до деградирање на наставниот кадар и на квалитетот на наставата и лекарските дипломи, бидејќи факултетите ја изгубија својата автономија. Неопходно е што поскоро обединување на клиниките во еден Клинички центар и негово враќање во матичната установа, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Сличен процес настана и на другите два државни медицински факултети, кои, пак, и немаат вистински терциерни клинички болници во кои се изведуваат наставата и обуката на идните лекари.

Воспоставената практика на повеќегодишното раководење со здравствените установи од страна на поставени директори (в. д.) го крши постојниот Закон за здравствена заштита и најчесто резултира со неквалитетно и неефикасно раководење. Ако на тоа се додадат недоволното финансирање и инвестиции во инфраструктурата и во опремата на државните медицински установи, како и слабиот развој, пред сè, на регионалните болници, логичен резултат е масовно преминување на најквалитетниот медицински кадар, во којшто државата со децении вложувала, во приватниот сектор и во странство, со последователно ослабување на државниот здравствен систем.

**Правичната застапеност** е уставна категорија и обврска за јавните институции, регулирана со Законот за работните односи, во кој стои дека таа треба да биде заснована на квалитет и на компетентност, а не на чисто етнички критериуми. Понатаму, употребата на принципот на **гласање по Бадентер**, односно дополнително мнозинство на немнозинските заедници, исто така, е уставна категорија произлезена од Рамковниот договор, која веќе триесет години се применува во Парламентот и во општинските совети во Републиката. **Законот за употребата на јазиците** на територијата на државата, исто така, произлегува од Рамковниот договор од Охрид во 2002 година, преточен во уставните амандмани. Но, и по три децении од Конфликтот, овие три придобивки од Охридскиот договор сè уште се обвиени во магла и ја брануваат јавноста поради спротивставените

мислења и нејаснотиите околу ширината на нивната употреба. Време е да се направи нивно јасно и прецизно дефинирање, проследено со правни механизми со кои ќе биде оневозможена нивната злоупотреба, а многубројните пречекорувања на прописите да бидат отстранети на соодветен начин. Веруваме во капацитетот на Уставниот суд тоа да го направи во соработка со експертите од земјата и со Венециската комисија и со поддршка на гарантите на Охридскиот договор, што ќе резултира со враќање на довербата меѓу етничките заедници во државата.

Државата, исто така, сè повеќе се соочува и со **демографските проблеми** (стареењето на населението, намалувањето на наталитетот, а со тоа и на понудата на трудот, нејзиниот **моноцентричен развој** предизвикува масовно доселување во главниот град со можност за згаснување на повеќе населени места низ земјата), миграциите во странство, посебно на млади високообразовани кадри, во кои нашата земја инвестирала, во основа претставуваат губење на човечкиот капитал и сл.

Депопулацијата е веќе сериозен предизвик за Република Македонија, што се потврди на последниот попис од којшто произлезе дека нема ни милион и осумстотини илјади население. Таа трае веќе долго време и доколку не се преземат сеопфатни мерки со кои, пред сè, младите парови ќе остануваат во државата со своите семејства, таа ќе биде уште поизразена во наредните децении. И покрај тоа што се чини дека со напредните технологии, развојот на роботиката и со вештачката интелигенција, се намалува важноста на бројот на жителите, сепак тој е важен за зачувување на културниот и на националниот идентитет, како и за безбедноста на државата. Понатаму, покрај иселувањето, пред сè, на младите и на оние на средна возраст, подигањето на животниот стандард и напредокот на медицината доведуваат до стареење на населението, што од друга страна станува нов општествен проблем кој државата мора да го менаџира.

Причините за емиграциските и за останатите депопулациски процеси се многу сложени и бараат сеопфатна анализа и соодветни одговори за спречување на иселувањето од државата и особено на напуштањето на руралните средини. Тука, важни се политиките за раѓањето, проектите за враќањето на нашето население од странство во земјата, како и примамливи државни проекти и програми за заживување на селото преку населување на млади брачни парови, проекти кои веќе се применуваат во земјите во Регионот.

Перспективата на **евроинтегративните процеси** на РМ не ѝ ја гарантира ни Договорот за безбедност и одбранбено партнерство со ЕУ, потпишан минатата година, таа е комплетно блокирана со ирационалниот спор со нашите соседи. Понатаму, потпишаниот Военополитички стратегиски договор со САД по распадот на Југословенската Федерација, сега и надграден со значајното подобрување на нашите односи со американската администрација предводена од претседателот Трамп, во секој случај е нешто многу позитивно и не треба да се пренебрегне. Тоа на поголемиот дел од македонскиот народ му влева надеж дека може да добие одредена поддршка во решавањето на билатералниот спор со Бугарија и во подобрувањето на релациите со Брисел. Република Македонија не може да биде поштедена од последиците на војната во Украина и таа мора да си го најде своето безбедно место во светот и за тоа сведочат дипломатските усилби на Владата, земјата да биде поддржана од повеќе стратегиски партнери, што само може да ѝ

донесе корист на државата. Во ваква ситуација мора да се реагира мудро и навремено.

Европскиот пат, сепак, е наша единствена права и реална опција бидејќи ние сме, пред сè, Европејци, а исто така, и Европската Унија е свесна дека европскиот континент никогаш нема да биде комплетен без Западен Балкан, и затоа проширувањето на ЕУ повторно станува приоритет кој не смееме да го пропуштиме. ЕУ нам ни е потребна како високоразвиена економска и политичка заедница која може да ни помогне да ги достигнеме нејзините стандарди и вредности.

Неодамна почина Жак Делор, еден од основачите на ЕУ и претседател на Европската комисија, чие име потсетува на 1991 година, кога тој ѝ понуди на Југословенската Федерација, која беше во фаза на распад, итно приклучување во Унијата, како 13. земја членка. Таа шанса беше пропуштена, и нас, повозрасните, нè чини половина живот исчекување и битисување на маргините на ЕУ.

Европскиот пат на Западен Балкан повторно е на испит и на крстосница, и покрај јасната волја и желбата на речиси сите околни соседни држави. Сега, ветена година е 2030, и затоа потребни се реформи, и покрај евроскептицизмот кој е во пораст поради неконзистентното однесување на ЕУ и честата дисонантност на Брисел и на одделни европски престолнини, при што, наспроти повеќедецениските подготовки и болните реформи на земјите од Западен Балкан, се нуди брз прием на Украина, Молдавија, Грузија и др. Работите на глобално ниво се менуваат од ден во ден, од час во час, Македонија е мала и сиромашна земја, поделена по повеќе основи и мора да реагира навремено, а истовремено, да чува и одредена неутралност, зашто од неа секако дека не зависат работите. Сметам дека премногу направивме, премногу жртвувавме, и повеќе од тоа, па поради тоа губи секаква смисла евроатлантскиот процес.

Во однос на спорот со нашите соседи, со кои со векови живееме едни до други, со или без граница, имаме одличен предлог со предвидено одложено дејство, што претставува солидна основа за компромис. Контактите на научниците од двете страни, повторното воспоставување на научни проекти, соработката во културата, инфраструктурното поврзување и честите контакти и разговори на сите нивоа, се разбира, со запазување на нашето национално достоинство, би можеле да бидат мост на кој ќе се сретнат политичарите од двете страни заради изнаоѓање компромис.

Почитувани академици, уважени гости,

**Ова мое експозе по првата година од мојот мандат** го гледам и како можност уште еднаш пред јавноста да ги претставам приоритетите на сегашното раководство кон кои ќе биде насочена Програмата за работа на МАНУ во периодот од 2024 до 2027 година: имено, заедно со раководството во овој состав, ќе продолжам посветено да работам за Академијата, за понатамошно зајакнување на институционалниот капацитет на МАНУ и на нејзиниот дигнитет како највисока, самостојна, научна и уметничка институција, која речиси 60 години е еден од

главните столбови на идентитетот и на државноста на македонскиот народ и на деловите од другите народи, давајќи перманентен придонес во зачувувањето на културното и духовно наследство на македонската нација.

Познатиот француски академик Ернест Ренан (*Ernest Renan*), од втора половина на XIX век, на својата пристапна беседа, во 1879 година, во Француската академија, под куполата, ќе истакне: „Нацијата не ја прави тоа што луѓето зборуваат на ист јазик или припаѓаат на иста етничка група, туку тоа што заедно направиле големи работи во минатото и што сакаат да направат уште многу други во иднината“. Затоа за зачувувањето и за градењето на современата македонска нација и држава неопходни ни се, пред сè, слога, заедништво и многу самопрегорна работа на нашиот европски пат.

МАНУ, како и досега, активно ќе учествува и ќе дава целосен придонес во спроведувањето на реформските процеси и приоритети на земјата, преку нивно научно следење, истражување и осмислување, како и преку обезбедување експертска помош на државата, особено во автономните сфери на општеството – науката, уметноста, културата и образованието. Тоа не е само наша законска обврска туку и наша морална должност и одговорност – да ја градиме нашата земја како модерно, демократско, мултикултурно и економски просперитетно општество.

Ви благодарам за вниманието!